ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-50/1
01.02. 2023 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т +389 32 386 408
Ф +389 32 386 409
E eastregion@eastregion.mk
I www.eastregion.mk

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 4 и член 43 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21) и член 2 став 1 алинеа 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр 02-206/1 од 29.06 2021 година, Советот за развој на Источен плански регион, на седницата одржана на ден 01.02.2023 година, ја донесе следната:

Одлука
за утврдување на
Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион

член 1

Со оваа Одлука се утврдува следната Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион:

1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион;
2. Збогатување на туристичката понуда во Источниот плански регион;
3. Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион;
4. Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза;
5. Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево.

Член 2

Предлог - проектите од член 1 на оваа Одлука се рангирани според приоритетност утврдена од страна на Советот за развој на Источен плански регион.

Член 3

Предлог - проектите од член 1 на оваа Одлука ќе бидат аплицирани за користење на средства за финансирање на проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Љупчо Папазов